Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 496 www.mchamber.mk 17.6.2022

## ЗАПОЧНА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



*МЕСНИТЕ ИНДУСТРИИ БАРААТ ИТНА СРЕДНА СО ЗАМЕНИК-ПРЕМИЕРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА, ВО СПРОТИВНО СЛЕДУВА НОВ ЦЕНОВЕН ШОК, ОТПУШТАЊА И ЗАТВАРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ*

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
MERMEREN Kombinat
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА

### СТАНДАРД Покровители

МАКПРОГРЕС
Comfy Angel
OKTA
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна
scalefocus
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric
SMELT-ING

### СИЛВЕР Покровители

Екстра Мени
SPARKASSE BANK
Vezë Shqip
LECKER
elektro
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# ЗАПОЧНА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




**ПРВИТЕ НАГРАДЕНИ ПО ПОВОД 100-ГОДИШНИНАТА СЕ ВУЧИЌ, РАМА, КОВАЧЕВСКИ И ЗАЕВ**

„Св. Наум Охридски Чудотворец“, црковен манастир со големо историско значење, изграден во деветтиот век со чудотворната моќ на моштите на истоимениот светец, еден од најверните следбеници на првите словенски просветители св. Кирил и Методиј. Бил голем донор, лекувал и дарувал здравје и живот. Бил познат учител, просветител, имал голем придонес во културата и поттикнувал учени луѓе кон творештвото.

А локалитетот „Св. Наум“, каде што се наоѓаат и најубавите и најголемите извори кои го напојуваат Охридското Езеро – изворите на реката Црн Дрим – зрачи со убавина, култура и со традиција. Вегетацијата на изворите е многу бујна и разновидна, модрозелена од алгите кои оставаат импресивна глетка пријатна за очите.






# МЕСНИТЕ ИНДУСТРИИ БАРААТ ИТНА СРЕДНА СО ЗАМЕНИК-ПРЕМИЕРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА, ВО СПРОТИВНО СЛЕДУВА НОВ ЦЕНОВЕН ШОК, ОТПУШТАЊА И ЗАТВАРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ



Месната индустрија бара итна средба со Вицепремиерот за економски прашања за да ги достават и повторно ги образложат барањата за продолжување на мерката за ослободување на царината за замрзнато свинско месо, наменето за преработка. Во спротивно на краток рок (2 до 3 недели во зависност од тековните залихи) прво, следи нов ценовен шок од 20 до 30 % зголемување на цените на месните преработки од свинско месо, второ, намалување на бројот на вработени за исто така 20 до 30%, а на подолг рок, зголемување на увозот и престанок со работа на некои од месопреработувачките капацитети.

Оваа индустрија, со важечките царински давачки, е ставена во нерамноправна положба со странските производители, пред сѐ, оние од соседството, но и од ЕУ. Готовите производи од надвор, влегуваат во земјата со 0% царина, а домашните преработувачи при увоз на суровина, плаќаат царина во висина од 20 до 35%. Ова уште повеќе ќе биде нагласено со функционирањето на Отворен Балкан. Во такви услови, ќе дојде до затворање на домашните капацитети или евентуално селење на производството во соседството, беше истакнато на денешната прес-конференција во Стопанската комора на Северна Макеедонија.

Претставниците на компаниите велат дека се подготвени уште еднаш да ги презентираат своите аргументи на итната средба со надлежните, пред сѐ со Вице приемиерот задолжен за економски прашања, и последиците кои ќе произлезат од отсуството на мерката за ослободување на царинската давачка на замрзнато свинско месо наменето за преработка.

На производството на свинско месо и неговите преработки силно влијание имаат последиците од африканската свинска чума и ограничувањата на извозот на животни, како и пандемијата предизвикана од Ковид-19, што доведе до раст на цените на светските берзи на свинското месо,

до логистички ограничувања, како и до затварање на кланиците, рестораните и услугите за храна, што предизвика негативно влијание на сите алки во синџирот на снабдување. Имено, зголемените цени на суровините и енергенсите, и ценовните притисоци предизвикани од истите, доведоа до предвидување за раст на инфлацијата од 5,7% во 2022 година, во развиените економии, и околу 8,7% во економиите во развој. Воениот конфликт помеѓу Русија и Украина, кои се нето извознички на земјоделски производи и играат клучна улога во синџирите на снабдување, резултира во глобален јаз на понудата и раст на меѓународните цени на храна и добиточна храна, над веќе покачените нивоа, што секако ќе се одрази врз цените на месото и преработките од месо, како и на количините кои се произведуваат. Светска банка проектира раст на цените на земјоделските производи од 18% во 2022 година, што ќе влијае на производството и снабдувањето со храна, што може да предизвика потреба од меѓународна помош на подолг период. Во 2022 година, цените на свинското месо го забележаа најсилниот месечен пораст од 1995 година поради недостиг на понуда на свињи за колење во Западна Европа, а во Германија, која е еден од двата најголеми европски производители на свинско месо, цената ја надмина бариерата од 2.000 УСД за тон.

Домашните компании, покрај зголемените цени на суровини и репроматеријали на светските берзи, се соочуваат и со неизвесност и постојани промени на пазарот, раст на цената на енергенси и електрична енергија за 100%, раст на трошоците за транспорт и складирање, логистички ограничувања и сл. На домашниот пазар влегува готов производ (пред сè, од земјите на ЦЕФТА) со 0%, царина, замрзнатото свинско месо како суровина (кое не се произведува кај нас), и натаму подлежи на царински давачки. Поскапувањето на суровините ќе доведе до поскапување на цената на чинење на нашите производи.

Покрај тоа што домашните компании се обидуваат да бидат конкурентни на домашниот пазар, дури и по цена на намалена маржа за да се одржи цената на производите, што индиректно води и до притисок врз цените на конкурентските производи од странство, кога ќе се помине прагот на исплатливост, неминовно е да се зголемат цените на производите.

Во 2021 година производството на свинско месо во Република Северна Македонија изнесуваше 15.578 тони, но истите и понатаму не ги задоволуваат потребите на домашните производители на преработки од свинско месо. Во 2021 година увезени се 18.137 тони свинско месо и преработки од свинско месо, а извезени се 4.491 тони, додека во делот на преработките од свинско месо реализиран е увоз од 5.761 тони, а извоз од 4.481 тони, односно за 1.280 тони увозот е поголем од извозот, што значи дека постои дефицит и кај количините на преработки од свинско месо. Во вредност, во 2021 година, реализиран е увоз од 17,2 милиони евра, а извозот од државата е во износ од 13,2 милиони евра, односно реализирано е негативно трговско салдо - дефицит во износ, од близу 4 милиони евра. Кај категоријата преработки од свинско месо, покриеноста на увозот со извоз во 2021 година, е на ниво од околу 77%.

Доминантниот извоз се должи на преработките од свинско месо, додека свежо разладено или смрзнато свинско месо, речиси и да не се извезува. Доминантниот увоз на свинско месо и негови преработки доаѓа од земјите членки на Европската унија: Германија, Полска, Шпанија, Унгарија, Холандија, Австрија, Белгија, Португалија, Словенија, Грција и Хрватска, а од регионот регистриран е увоз во поголеми количини единствено од Србија, а во помали вредности и од Босна и Херцеговина и Црна Гора. Во делот на извозот на свинско месо и преработки на свинско

месо од државата, истиот е концентриран во најтесниот регион и тоа во само четири држави: Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово.

Конкретно, за македонската преработувачка индустрија за преработка и конзервирање на месо, значајно е да се истакне дека нашите компании имаат ограничен пристап до странските пазари. Имено, според регулативите на Европската унија, а со цел да се заштити заедничкиот европски пазар, постои ограничување на трговијата со живи свињи, како и со свежо и замрзнато свинско месо од трети земји, во земјите членки на Европската унија. Во таа насока, постои ограничување за извоз на живи свињи, како и со свежо и замрзнато свинско месо и преработки од свинско месо од Република Северна Македонија во земјите членки на Унијата. Следи дека претходно наведените причини ги прават домашните производители неконкурентни и на домашниот пазар. Ограничувачки фактор на домашните компании е нелојалната конкуренција, од домашни нерегистрирани производители, како и од компании од странски држави, односно силна конкуренција од увоз. Имено, компаниите посочуваат дека клучните конкурентски производи во нашата држава доаѓаат од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Хрватска, кои се со можност за производство по пониски цени за 20-25% од домашните, поради одредени конкурентски предности кои ги имаат, а се поврзани со домашно производство, како и пониската царинска заштита на свинското месо и смрзнатото свинско месо доколку тоа се употребува како суровина за преработка во нивните држави. Исто така, поради договорот за слободна трговија во рамки на ЦЕФТА, увозот на финалните производи од земјите членки на ЦЕФТА во државава се врши без царина, односно царинката стапка е 0%, па следствено создава директна конкуренција на слабо заштитеното домашно производство. Покрај наведените предности, врз домашниот пазар притисок прават и преференциите на купувачите, кои се насочени кон увозните производи, заради традицијата, маркетинг активности, подобра позиционираност во маркетите. За разлика од наведените, на домашниот пазар, компаниите се соочуваат со непостојан пристап до суровини по соодветни цени и квалитет, што се одразува на цената на готовите производи со што се создава притисок врз конкурентноста на домашните производи кои вклучуваат свинско месо.

Мерките кои беа преземени кај нас за бесцаринскиот увоз на замрзнато свинско месо од 2018 година наваму, доведоа до значителни позитивни резултати во дејноста, во 2018 година и 2019 година, што се рефлектираше во зголемено производство и зголемен извоз, во вредност, и во количина на преработки од свинско месо. Но, под влијание на променетите влошени околности, предизвикани од пандемијата со Ковид-19, резултатите се минимизираа, во 2020 година и 2021 година. Сепак, овие мерки одржаа одредено ниво на конкурентност на домашните компании кои произведуваат преработки од свинско месо, без последици врз домашните производители на свинско месо, кои исто така бележат континуирано производство, што ја потврдува економската оправданост на преземените мерки.

Анализираната реална царинска заштита на свинско месо, ако се исклучат автономните мерки за бесцарински увоз на сврзнато месо, упатува на фактот дека изнесува 0,6%, и е повисока од реалната царинска заштита на преработките од месо, која изнесува 0,4%. Опишаната состојба со царинската заштита на месната индустрија, односно на замрзнатото свинско месо и преработките од свинско месо, придонесува ефективната царинска заштита да биде негативна, што значи дека царинската политика во овој дел, придонесува за стимулација на увоз на преработки од свинско месо и не ги штити домашните производители на истото. Оттаму, неопходно е системски

да се обезбеди пристап за домашните производители до суровина – смрзнато свинско месо. Одлуките на Владата за бесцарински увоз на свинско замрзнато месо како инпут за домашната месопреработувачка индустрија ги даде првите позитивни резултати веднаш со воведувањето. Имено, иако реалните економски ефекти на одлуката донесена во јуни, 2018, започна во четвртиот квартал на 2018, позитивните резултати се повеќе од задоволителни. Со системско намалување на царинската заштита се очекува месната индустрија повторно да стане нето извозник и да остварува забележителен девизен прилив.

Доколку престане важноста на автономните мерки, од анкета спроведена меѓу компаниите, може да се утврди дека поради царински давачки ќе им се зголемат трошоците за работењето, од 10% до 25%, што ќе предизвика намалување на нивната профитабилност во истиот сооднос, како и до зголемување на цената на финалните производи до 30%. Согласно претходното, очекувањата на компаниите се дека истото ќе доведе до намалување на продажбата до 50%, намалување на бројот на вработени до 40% и губење на позициите на домашниот пазар 20-50%. Воедно, половина од анкетираните компании кои се извозно ориентирани истакнуваат дека зголемените трошоци за царина ќе влијаат врз нивната конкурентност на странските пазари на кои се присутни во моментов и ќе резултираат со губење на позициите на овие пазари и престанување на нивната извозна активност, додека останатите ќе се соочат со намалување на извозот за 25%.

Во случај на бесцарински увоз на свинско месо и негови преработки, анкетираните компании од преработувачката индустрија посочуваат дека очекуваат раст на извозот, вработеноста и нови инвестиции, односно раст на истоите од 5-20%.

Дејноста на конзервирање и преработка на месо, вработува околу 2.000 лица. Просечната бруто плата, согласно податоците на Државниот завод за статистика, за март 2022 година, во дејноста Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, како и во дејноста Производство на прехранбени производи, изнесува близу 38.000 денари. Тргнувајќи од овие претпоставки, само по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување и данок на личен доход, приходите во Буџетот на Република Северна Македонија изнесуваат повеќе од 299.000.000,00 денари, односно повеќе од 4.800.000,00 евра. Дополнително, сериозен е уделот на компаниите од дејноста Конзервирање и преработка на месо во делот на придонес во Буџетот по основ на данок на добивка.

Имајќи го предвид, вкупниот увоз по вредност на производите во тарифните ознаки кои се однесуваат на смрзнато свинско месо наменето за преработки во 2021 година, како и проценетите фискални имликации за ненаплатени царини, по основ на донесените одлуки за бесцарински увоз на замрзнато свинско месо, приходите од наплатени царини при увоз би изнесувале околу 1.250.000,00 евра.

Конкретниот предлог, на кус рок нема да предизвика дополнителни фискални импликации, бидејќи последните четири години стоките кои се увезуваа во посочените тарифи се увезуваа без царински давачки, а истиот долгорочно овозможува позитивни резултати кај компаниите кои произведуваат преработки од свинско месо, кои ќе придонесат индиректно за позитивни финансиски буџетски ефекти како резултат на приливи по основ на данок на додадена вредност, данок на личен доход за вработените, како и данок на добивка.

# КОМОРАТА ДЕЛ ОД БИЗНИС ФОРУМИ ВО ТРЕВИЗО И ВЕНЕЦИЈА



На иницијатива на претседателот на Италијанско-македонската стопанска комора АПИ НОРДЕСТ, Мунир Шемши, а со поддршка на генералниот конзул на РСМ во Венеција, Стојан Витанов на 9 и 10 јуни се реализираа два бизнис форуми во Тревизо и Венеција, Република Италија. На форумите македонската делегација беше предводена од страна на заменик-претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и министерот задолжен за дијаспора Џемаил Чупи, а дел од делегацијата беа и претставници на Стопанска комора на Северна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии и Стопанската комора на Северо-западна Македонија.

Во рамки на бизнис форумот се одржа и средба помеѓу претставниците на Коморите од С.Македонија со Фабрицио Алвиси, преставник на Венеспромекс - агенција за интернационализација која е основана од страна на три стопански комори во регионот Венето: Падова, Тревизо-Белуно и Венеција-Ровиго. На средбата акцентот беше ставен на интензивирање на економската соработка со компаниите од регионот Венето, при што беше потенцирано дека Италија традиционално се вбројува во првите 10 трговски партнери на Северна Македонија. Вицепремиерот Битиќи истакна дека државата нуди еден од најповолните пакети на поддршка за инвестиции во Југоисточна Европа, која што е 100% хармонизирана со ЕУ директивите за државна помош, споделувајќи дел од поволностите за инвеститорите како: поддршката на инвестиции во преработувачкиот сектор до ниво на 50% од вкупните инвестиции, можностите за ослободување на данок на доход и данок на добивка за период од 10 години, поддршката за нови вработувања со грантови до 4.400 евра по вработен.

Претставниците од Коморите ја истакнаа меѓусебната соработка со Владата која функционира преку

Платформата за јавно-приватниот дијалог. Од особена важност е да се напомене дека во Северна Македонија функционираат повеќе од 130 компании со италијански капитал, од кој најголемиот дел се од чевларска, хемиска и металопреработувачка индустрија, изјави м-р Донев, в.д. оперативен директор за развој иновации и знаења во Стопанската комора на Северна Македонија, кој додаде дека во рамки на Стопанската комора, која годинава одбележува 100 години од своето основање, функционира и Совет на странски инвеститори кој 16 години е гласот на бизнис заедницата со странски капитал во државата.

Венето спаѓа во најголемите и најразвиените италијански региони и е еден од водечките италијански регионални економии. Во 2017 година, вредноста на регионалниот БДП била 162 милиони евра и што претставува 9,40% од италијанскиот БДП. БДП по глава на жител изнесува 33.500 евра во 2017 година (соглсано Евростат, 2019 година).

Регионот Венето има високо специјализирано и конкурентно производство, претежно составен од мали и средни претпријатија. Главни индустриска гранка е земјоделието, кое е високо специјализирано и конкурентно. Венето е еден од водечките региони во Италија за производство на вино (19% од вкупниот број на Италија - ISTAT, 2019 година), и застапена е земјоделско-прехранбената индустрија, особено прехранбената индустрија во Ровиго, потоа печатарската индустија и издаваштво во Верона; текстилната индустрија во Тревизо и Виченца; мебел во Басано дел Грапа; злато и накит во Виченца, електрични апарати во Конељано и производство на очила во Белуно.

Регионот Венето е најголемиот  туристички центар со голем број на туристи, како шести европски регион во однос на ноќевањата (Евростат, 2017 година).

Според Регионалната иновативна рамка за 2019 година, Венето е одличен иновациски регион, еден од најиновативните региони во Италија. Во споредба со просекот на ЕУ, Венето покажува особена сила во однос на апликацијата за дизајн (75% над просекот на ЕУ) и апликацијата за трговска марка (52% над просекот на ЕУ).

Пред повеќе од 100 претстаници од Италија и Северна Македонија беа презентирани активностите и иницијативите на АПИ НОРДЕСТ, а во рамки на форумот покрај бизнис средбите беа реализирани и средби помеѓу градоначалници на општини од нашата земја и градоначалници на општини од регионот Венето. На настанот свое обраќање имаше и г-динот Умберто Ватани, поранешен министер за надворешни работи на Република Италија и поранешен генерален секретар на Обеднитетите Нации во два мандата, кој родум од Скопје говореше за важноста од меѓусебната соработка помеѓу двете земји која носи користи на двете страни.

Двата бизнис форуми имаа за цел да ги презентираат можностите за инвестирање во Северна Македонија, презентирајќи го концептот на “nearshoring” приближување на ланците на снабдување што во услови на пандемија и воени услови се покажа како особено важен за непрекинати деловни процеси.

# КОНФЕРЕНЦИЈА „БЕНЕФИТОТ НА КОМПАНИИТЕ ДОКОЛКУ СЕ ВКЛУЧАТ ВО ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА И ПРАКТИЧНА РАБОТА ВО КОМПАНИЈА



Кадрите кои се создаваат низ образовниот процес треба да ги задоволуваат потребите на реалниот сектор, а без практична обука или учење преку работа кај работодавач неможеме да создадеме стручен и соодветен кадар што е еден од клучните предуслови за успешен бизнис. Паралелно со овие процеси мораме да работиме и на развој и унапредување на знаењата на капацитетите на човечките ресурси во компаниите и институциите за овие процеси. Токму тоа беше причината Стопанската комора со поддршка на проектот „Образование за вработување" да ја одржи конференцијата на тема: „Бенефитот на компаниите доколку се вклучат во дуалното образование, учењето преку работа и практична работа во компанија" со што сакаме да упатиме порака за придобивките што ги имаат компаниите што ќе се вклучат во дуалното образование, учењето преку работа и практичната обука во компанија, за да обезбедат стручни и практични вештини кај учесниците во образовниот процес, релевантни на нивните барања.

Ова е и ставот на ОЕЦД, изнесен во Студијата за развојот на земјите на Западен Балкан кој фокусот го става на зајакнување на вештините и развој на капацитетите на човечките ресурси.

Конференцијата ја отвори оперативниот директор, м-р Михајло Донев, кој истакна дека вклучувањето во дуалното образование и другите форми на практична обука се влог во вашата иднина, инвестиција која на долг рок ги дава посакуваните резултати. Непосредниот контакт со потенцијалните идни вработени е од големо значење, менторите во компанија се оние кои учениците ги водат кон процесите во реалната работна средина, давајќи им јасна слика за работното место, технологијата и опремата која се користи, работна култура и на тој начин не само што продуцираме иден кадар, туку и се гради имиџ на работодавач кој е препознат на пазарот на труд.

На конференцијата за јакнење на капацитетите на човечките ресурси преку континуирано унапредување на нивното знаење свое обраќање имаше и проф. д-р Александра Стоилковска,

декан на Факултетот за човечки ресурси и менаџмент при Универзитетот за туризам и менаџмент, Скопје, која потенцираше дека за успешно и непречено работење на институцијата, секој вработен во институцијата има значајна улога, а знаењата, вештините, компетенциите, па и талентот на вработените се приоритетен ресурс на компанијата и мора континуирано да се развиваат и надоградуваат. Фокусот го стави на важноста на менаџерите на човечки ресурси кои без оглед на големината на компанијата/институцијата вработените треба да бидат избрани, ангажирани, водени и обучени.

Во панел дискусијата насловена како: "Кој е бенефитот на компаниите доколку се вклучат во дуалното образование, учењето преку работа и практична работа во компанија" свои искуства пренесоа преставниците од компаниите: Ронтис од Велес, Еуроникел од Кавадарци, Раде Кончар ТЕП и Завар компани од Скопје, а како модератор на панел дискусијата беше Билјана Шамаковска Ангелова, директор за човечки ресурси во компанијата Макстил АД, Скопје, која повеќе од деценија соработува со средните стручни училишта, а во последните 5 години имаат поструктиурана и посистемска соработка со училиштата. Заеднички став на учесничките во панел дискусијата беше да се направи поголема промоција на компаниите и стручните училишта за бараните квалификации со цел намалување на одливот на кадри од државата, зајакната соработка на бизнис заедницата и образовните институции, но и прилагодување на бизнисот кон интересот на идните генерации.

Во реализацијата на практичната обука, дуалното образование или учењето преку работа покрај реалната слика дека се вклучени големите компании, потребно е да се поттикнат и малите и средни компании и да се обезбеди функционален систем за финансирање на стручното образование. Финансиската поддршка за вклучување на компаниите во СОО треба да се инструмент на политиката на државата.

На конференцијата произлезе идејата за формирање на фонд за поддршка на малите и средни комапнии за вклучување во стручното образование и беа донесени следниве заклучоци:

1. Помош за поедноставување на процедури и намалување на бирократија и администрација во процесот на реализција на практичната обука;

2. Подобра координација на наставните програми што се учат во училиште и работните процеси во компанијата;

3. Контрола на компаниите за изведување на практична обука и феријална практика;

4. Субвенционирање на меториите,

5. Работилници за едукација за процесот на реализирање на практичната обука;

6. Надомест за трошоци за лични и заштитни средства за учениците и материјали за учење,

7. Креирање регионални центри за едукација по струки;

# ПО ПОВОД 100 ГОДИШНИНАТА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДОДЕЛЕНА БЛАГОДАРНИЦА НА НАЈВОЗРАСНИОТ АКТИВЕН ЧЛЕН ВО КОМОРАТА, КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ




Потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска јавно му се заблагодари на господинот Коле Ангеловски, главен извршен директор на Илино Промет Скопје за долгогодишното членство и поддршка која на Комората ја пружаат години наназад. Посебно за подвлекување е тоа што господинот Коле Ангеловски иако е највозрасниот коморски активен член со своите 90 години старост, се уште е активен во компанијата и своето искуство, знаење и вештини на водење на бизнисот секојдневно го пренесува на своите најблиски соработници. Праксата која ја има во својот 74 годишен работен стаж е непроценлива. Роден во с. Крушје, Ресенско, фирмата во 1991 година ја именува Илино промет по соседното место до неговото родно село, Илино, кое се наоѓа под преубавата планина Галичица. И ден денес ги одржува сите бизнис релации со партнерите и постојано е на релација С. Македонија-Србија-Хрватска и земјите од регионот.

На средбата на која присуствуваше и раководниот тим на компанијата стана збор за почетоците на компанијата која работи уште од осамостојувањето на нашата држава и за сите падови и подеми на компанијата наспроти предизвиците со кои се соочува црната и обоена металургија. Просториите на фирмата Илино Промет Скопје се наоѓаат во кругот на "Железара".

На средбата се дискутираше за повеќе области меѓу кои за потребата и недостатокот од квалификувани стручни кадри според потребите на стопанството, за проблемите околу дозволите за вон-габаритен превоз, големите такси кои црната и обоена металургија ги има и кои како Здружение при комората прави напори за надминување на истите преку постојаната соработка со надлежните државни институции, пофалбата до Владата за навременото враќање на ДДВ, како и бенефитите од одличната соработка посебно во времето на пандемијата со ковид-19 со Управата

за јавни приходи, соработката со Царината и успехот со концептот на домашно царинење, како и поддршката и соработката со Македонски шуми во делот на нивната компанија од дрвната индустрија.

Главниот извршен директор, господинот Коле Ангеловски ја истакна важноста од поддршката на банките кои во услови на зголемени инвестиции и извоз ги пратат и поддржуваат компаниите и ја подвлече исклучително добрата соработка и поддршката од домашните компании како што е “Макстил” Скопје кој им е главен поддржувач во реализација на извозните ангажмани за изградба на мостови и др. во Германија, Холандија и сл. и нивната поддршка при испораката на челични производи. Ангеловски додаде дека многу е важна поврзаноста со домашните компании и свртувањето едни кон други посебно во овие услови на работење испреплетени со предизвици предизвикани дополнително и од воените дејствија во Украина.

Господинот Коле Ангеловски упати јавна честитка до Стопанската комора на Северна Македонија, до нејзините вработени и до сите останати членови по повод големиот јубилеј на Комората-100 години. Тој порача дека само заедништвото и синергијата, поддршката од сите инволвирани страни и институции и напорната работа се формулата за успех посебно во овие времиња на работење исполнети со предизвици и непредвидливост.

Илино Промет ДОО е приватна компанија која е основана во Скопје во 1991 година со основна дејност-трговија со црна и обоена металургија. Фирмата е активна членка на Стопанската комора на С. Македонија и е една од топ 100 извозни компании од РСМ. 30-тина години постојано ги користат услугите за издавање на извозни документи од Стопанската комора бидејќи главно своите производи ги пласираат на европските  пазари. Со производи снабдува фирми за бродоградителската индустрија од Србија, Босна, Хрватска и Холандија....

Во 2007 година се проширува со подружница Илино Промет Кавадарци со дејност во дрвната индустрија. Во својата пилана која се наоѓа во Кавадарци на ул. Западен булевар изработува трупци, палети, паркет и др. производи од резана граѓа. Најголем дел од своите производи - трупците ги извезува. Во еден период најчесто извезуваше во Оман каде имаше сигурен партнер.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар**

**23.06.2022**

# ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА - Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа

Стопанска комора на С.Македонија, сала 4, 5-ти кат

Стопанската комора на Северна Македонија, на 23 јуни 2022 година, организира еднодневен семинар на тема: ЕФЕКТИВНА ЈАВНА КОМУНИКАЦИЈА (Јавен говор, пресс конференции, презентациски вештини и интервјуа).

Целта на семинарот:

Целта на семинарот е да се подобрат капацитетите за јавна комуникација на учесниците од приватниот и јавниот сектор, а поконкретно да се зајакнат вештините за јавно зборување и презентација.

На учесниците ќе им биде овозможено да се запознаат со техниките за ефективно и професионално комуницирање низ убедлива презентација на политиките и програмите на работа во секторот во којшто дејствуваат, активностите во коишто се вклучени и резултатите што ги остваруваат. Освен тоа, ќе се стекнат со вештини за ефективно вклучување на целните групи во својата работа и комуницирање на начин што води кон остварување поголеми резултати.

Низ презентација и практични вежби учесниците ќе имаат можност да ги совладаат вештините за ефективна комуникација со медиумите, техниките и пристапите што ќе им овозможат градење продуктивна поврзаност со новинарите и пренесување на клучните пораки од својата област на делување.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за вработени од приватните компании, државни и јавни институции, кои се дирекно вклучени во јавно говорење и комуникација со медиуми и други лица надвор од организациите (лица одговорни за односи со јавност, маркетиг, ПР, сопственици, менаџери и др) како и останати учесници кои имаат интерес да го прошират или усовршат своето знаење по дадената проблематика.



**Бизнис настан за вмрежување**

**26.06.2022**

# Бизнис настан за вмрежување „FARETE“ 7-8 септември 2022

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Италијанската бизнис асоцијација- „Confindustria“ Србија, Ве поканува да бидете дел од претстојниот бизнис настан за вмрежување „FARETE“, кој ќе се одржи на 7 и 8 септември 2022 година во Болоња (Италија).

Деловниот настан „FARETE“ е наменет за сите компании од регионот што имаат за цел да оставарат деловни средби со компании од Италија, и претставува одлична можност за пронаоѓање деловни партнери, но и за презентирање производи и услуги пред потенцијалните соработници. Настанот се организира десетта година по ред од страна на Confindustria Emilia (организација на бизнис-работодавачи која обединува компании од Региони Емилија-Ромања-Болоња, Модена и Ферара).

„Confindustria“ Србија, како меѓународно претставништво на италијанската бизнис асоцијација, е официјален партнер и претставник на овој значаен бизнис собир за балканскиот регион, со цел да се пронајдат, идентификуваат и одберат локални компании- потенцијални учесници на овој деловен настан.

Основни услови за учество за компаниите од регионот:

- компанијата се занимава со увоз или дистрибуција;
- веб страницата на англиски јазик;
- минимум 20 вработени;
- познавање на англиски или италијански јазик;
- секоја вклучена компанија мора да обезбеди најмалку 3 состаноци со италијански компании.

Учеството на компаниите од регионот (меѓународни купувачи) е бесплатно и покрива:

- патни трошоци;
- две ноќевања во хотел со 4*;
- трошоци за храна и пијалоци за времетраењето на настанот;
- трансфер од станица или аеродром во Италија до хотел и назад;
- Б2б средби со италијански компании регистрирани за програмата „Меѓународен клуб“.

Повеќе информации во врска со настанот можете, како и листата на досега пријавени компании, можете да најдете на следниот линк INTERNATIONAL CLUB IT - Farete (confindustriae-milia.it). Крајниот рок за пријавување е 26.06.2022 година (недела).

За подетални информации, Ве молиме контактирајте со лицето за контакт, м-р Сања Николова, тел: +389/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk.

Семинар

28.06.2022

# ПРАКТИЧНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИТЕ ВО ЕДНА КОМПАНИЈА ПРЕКУ НОВ ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП

Со намера до го доближиме овој нов начин на работа со вработените, Стопанската комора на Северна Македонија на 28 јуни 2022 година организира еднпдневна „он-лајн"-обука на тема: Практично унапредување на човечките ресурсите во една компанија преку нов холистички пристап, која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен развој на секоја организација.

Обуката е наменета за сопственици на компании, претставници на бизнис-заедницата од врвен менаџмент, менаџери на човечки ресурси и други професионалци во оваа област.

Практично унапредување на човечките ресурсите во една компанија преку нов холистички пристап

1.Примена на нови методологии при вработување;

2.Прифаќање на нововработените во компанијата;

3.Транспарентност и прегледност во индивидуалните резултати на вработените;

4.Одлуките на менаџментот базирани врз 100% точни резултати;

5.Промоција на различност, еднаквост и инклузивност на сите нивоа во компанијата;

6.Техники и методи за унапредување на индивидуалното и тимското знаење на менаџментот;

7.Техники и методи за унапредување на мотивацијата и продуктивноста кај вработените;

8.Начини за приближување на компанијата до вработените преку користење различни пристапи.

Предавач: Мирослав Драганов, ко-основач и директор за маркетинг и продажба во ВИДНЕТ Солушнс, www.widnet.mk. Дополнително, Мирослав има огромно искуство во развој на вработени, консултантство за менаџмент и организациски развој, анализи и давање насоки за дополнителни обуки на постоечките вработени и реализација на обуки за лидерство и меки вештини. Во обуките пренесува реални искуства од проекти спроведени во интернационални и локални компании. Тој е магистар по право. Поседува сертификати за ментор, тренер на обучувачи и коучинг од интернационални сертификациски програми, со кои овозможува компаниите да ги најдат најдобрите решенија за деловен раст и развој. Мирослав е избран за еден од НАЈВЛИЈАТЕЛНИТЕ ШЕЈПЕРИ во светот.

**Конференција**

**26.07.2022 - 28.07.2022**

# ХИБРИДНА КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNECTO 2022“

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ и во рамки на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканува да земете учество на претстојната конференција и деловни средби на тема: CONNECTO 2022 што ќе одржат во периодот од 26-28 јули 2022 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

Настанот е наменет за услужните дејости од следните сектори:

- Дигитализација;
- ИКТ и телекомуникации;
- Производи и полупроизводи од метал, дрво и пластика;
- Инженерски, дизајн и консултантски услуги;
- Градежна индустрија;
- Индустриски и градежни алатки и машини;
- Винарство, земјоделство и храна и
- Туризам, спорт и рекреација.

Учеството на настанот е бесплатно. Целата програма ќе биде подеднакво видлива и достапна за посетителите на локацијата и за оние кои учествуваат онлајн. Настанот ќе се одржи во просториите на Технолошкиот парк ИНТЕРА како и на онлајн веб платформата. Официјални јазици ќе бидат на англиски, босански, хрватски и српски јазик.

Регистрацијата е отворена до 25 јули 2022 година на следниот линк: https://connecto.ba/signup.




СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088